Црвен крст на Република Северна Македонија



# СТРАТЕГИЈА ЗА КРВОДАРИТЕЛСТВО ЗА 2021- 2026



2021

# Мисија

Црвениот крст на Република Северна Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

# Визија

*Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.*

# Вовед

Крводарителството во Република Македонија се темели на принципите на доброволност, анонимност и бесплатност.

Со самиот чин на дарување крв, крводарителот изразува највисок степен на солидарност со сите оние на кои крвта им е потребна, без дискриминација во однос на социјалниот статус, раса, религија, национална, класна и политичка припадност.

Дарувањето на крв е право и обврска на граѓаните, што произлегува од одредбите на Законот за здравствена заштита, при што граѓаните имаат право на здравствена заштита, вклучувајќи го и лекувањето со крв и крвни продукти.

Крводарителството во Република Македонија има општествено значење и претставува дејност од општ интерес. Без потребните количества сигурна крв не е можно да се обезбеди современа, квалитетна и рационална здравствена заштита на населението.

За да се обезбедат потребните количества на крв и крвни компоненти, потребно е постојано да се поттикнува националната свесност за важноста на крвта да се обезбеди висок степен на мотивираност на граѓаните да даруваат крв преку правилна и насочена здравствено-воспитна и мотивациска активност.

Да се мотивираат луѓето за дарување крв е многу одговорна и тешка задача која опфаќа низа активности со кои треба перманентно да се влијае врз промена на човековите ставови и однесувања и тоа од најмалата возраст, кога настанува примарната социјализација на личноста, а оваа активност државата им ја доверува на Организацијата на Црвениот крст и на службите за трансфузиона медицина.

Граѓаните на Република Македонија во своето препознатливо битисување во развојот на општеството ги красела хуманоста и меѓусебната солидарност.

Од секогаш на просторот на Република Македонија дарувањето крв бил возвишен и длабоко хуман чин на искажување солидарност со луѓето во неволја.

Првите акции започнуваат непосредно и се израз на спонтаното реагирање и искажување на хуманост кон најблиските и кон луѓето кои се борат за живот и ја бараат и очекуваат поддршката од луѓето без да знаат од кого и зошто ја добиваат.

Тоа е хуманата вредност на крводарувањето кое е посебно богатство во човечноста на граѓаните во нашата земја.

Република Македонија била татковина на емотивната солидарност и тоа продолжува да биде негувајќи ја убавата традиција.

Безбедната крв претставува приоритет во јавното здравство, која преку добро развиени методи и користење на ефективен, безбеден и ефикасен систем треба да се промовира во општеството.

Со промовирање на принципите за доброволност, анонимност и бесплатност, треба да се влијае на традицијата и културата на однесување во крводарителството и да се обезбеди безбедна и сигурна крв.

Потребно е да се направи поголем напор за градење на добар углед и слика за крводарувањето, со подигнување на статусот на крводарителот како многу важна и почитувана личност во општеството кое треба да се грижи за здравјето на луѓето кои ги краси хуманоста и добрината.

Врз основа на сите искуства и досегашни постигнувања во крводарителството, се обезбедува процесот на крводарување преку максимална грижа за здравјето на дарителот, гарантиран квалитет и сигурност на крвта и крвните компоненти, како и заштита на здравјето на примателите на крв. Во регрутирање на доброволните крводарители, социјалниот маркетинг може да придонесе во зајакнување на позитивните ставови кон крводарителството како и да ги промени негативните ставови и однесувања. Потребен е процес на информација, едукација и мотивација за да се променат ставовите и однесувањата.

Стратегијата треба да овозможи соодветен простор за дефинирање на конкретни политики, приориотети и модалитети во зависност од планирањата и потребите од крв и крвни компоненти.

Стратегијата на доброволното крводарителство претставува конкретен план за регрутирање на крводарители од различни нискоризични целни популации, со изграден систем за постојано следење и проценка на програмите за едукација и маркетинг.

Стратегијата ги третира и анализира фактичките состојби на крводарителството во Република Македонија, со цел да се обезбедат информации од поширок опсег од разновидни извори за правилно да се постави Организацијата на Црвениот крст на планот на крводарителството во контекст (локална култура, средина и потреби), да се испитаат нејзините позитивни страни и слабости, да се одредат ефикасноста и примената на ресурсите во системот.

Дефиницијата за доброволни и неплатени крводарители е усвоена во 1991 година од страна на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвената полумесечина:

“Лица кои даруваат крв, плазма или други крвни компоненти според нивна слободна волја и кои за тоа не примаат паричен надомест било во форма на готовинско плаќање или во вид кој може да се смета како замена за пари. Ова вклучува ослободување од работа, повеќе од разумно потребното време за дарувањето крв и времето поминато на пат. Малите знаци на внимание како освежување и надомест за директни патни трошоци се во согласност со доброволното и неплатено крводарителство.

Од досегашното искуство можеме да дојдеме до констатација дека перспективата во крводарителството треба да ја гледаме во младата популација. Нашето ангажирање во промовирање и афирмација на крводарителството кај младите е присутно и имаме постигнато резултати кои се за респект и почитување, но секогаш можеме да придонесеме за уште подобри постигнувања.

Младите треба да се опфатат преку клубови на млади крводарители во општинските организации на Црвен крст. Со зачленувањето во клубовите, младите луѓе учествуваат во организацијата на крводарителските акции, учат за здравите животни навики и се стимулираат редовно да даруваат крв.

Во клубовите младите се едуцираат за превенција од ХИВ/СИДА, сексуално крвно преносливи инфекции, злоупотреба на психоактивни супстанции и други ризични однесувања со цел да го одржат здравиот начин на живот и да бидат идни и сигурни крводарители.

Младите во клубовите имаат можност да бидат обучени за промоција на здравото однесување во заедниците, преку првата помош, правилната исхрана, физичката активност итн.

Со помош на младите мотиватори за крводарителство и врсничката едукација се придонесува за зголемување на бројот на млади луѓе помеѓу крводарителите и зголемување на бројот на млади луѓе кои што дарувале крв повеќе од еден пат и стануваат редовни крводарители.

Со помош на активностите кои ги извршуваат младите ќе придонесеме за правилна едукација и информираност за крводарителство кај средношколците и подобра застапеност на младата студентска популација на сите универзитети и факултети во државата.

Со примена на методите на мотивација за доброволно крводарителство треба да се промени традицијата и културата на однесување во крводарителството и да се подигне статусот на крводарителот како заслужена личност во општеството. Потребно е да се превземе поадекватна грижа на крводарителите во однос за нивното сопствено здравје, подобра информираност и едукација.

Треба да се преземат поконкретни мерки и активности за воспоставување на подобра комуникација со стопанствениците во корпоративниот сектор, за нивна соодветна информираност за значењето на крводарителството, потребите од крв, за третманот што треба да го имаат крводарителите во општеството, мотивираноста за дарување крв и за остварување на нивните права.

Црвениот крст на Република Македонија ќе ги следи законските решенија за крводарителите, и ќе иницира измени и дополнувања кои ќе бидат од интерес за крводарителите за остварување на нивните права и бенефиции во делот на здравството.

# *Надворешна анализа*

## *Искуства на Меѓународна Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина*

Крвта е национален ресурс. Во светот на годишно ниво се собираат околу 118,4 милиони единици крв. Една од главните причини зошто снабдувањето со крв е несоодветно во многу земји е недоволниот број на доброволни и неплатени крводарители кои редовно даруваат крв и зависноста од фамилијарни заменски дарители.

Се проценува дека ако 5 % од популацијата редовно дарува крв, тогаш ќе се одржи соодветно снабдување со крв. Во моментот, многу развиени индустријализирани земји се стремат да го постигнат тоа во целост, додека многу помалку развиени земји известуваат дека имаат под 1% од населението што дарува крв.

Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина има посебно место во напорите да се подобри безбедноста и достапноста на снабдувањето со крв. Таа има најголема хуманитарна мрежа со активно учество на 13 милиони волонтери и според тоа, значително искуство во регрутирање, мотивирање и поддршка на волонтерите. Ова значење е еднакво релевантно за задржување на крводарителите. Дава поддршка на глобалната здравствена безбедност преку промоција на доброволното дарување на крв и крвни компоненти.

Меѓународната Федерација на Црвениот и Црвената полумесечина дава поддршка и се залага за принципот на доброволно и неплатено крводарителство и се наоѓа на глобалната агенда за здравство. Се залага да се промовираат безбедни и одржливи практики за развој на програмите за крв, национална самостојност, вклучително и обезбедување на соодветно снабдување со крв и крвни компоненти за задоволување на домашните потреби, балансиран пристап во донесување на одлуки за безбедност на крв, високи етички стандарди, интергитет и одговорност, почитување на доверливоста и приватноста на сите информации кои се однесуваат на крводарителите.



*Рамка за глобална  акција која покрива 3 стратешки области*

1. *Обезбедување на комплетна услуга во делот на снабдување со крв и крвни компоненти*
2. *Организирано регрутирање на крводарители*
3. *Застапување на принципот на доброволно и неплатено дарување на крв*

## *Искуства на Светска здравствена организација (WHO)*

Светската здравствена организација – канцеларија Европа ги поддржува земјите во кои се работи за :

- добро организирани и национално координирани услуги со соодветни регулаторни системи и закони, почитување на меѓународни барања за безбедност и квалитет;
- обезбедување на потребни резерви на крв врз основа на доброволно и неплатено дарување на крв и крвни компоненти и нивна адекватна искористеност;
- добро обучен кадар со цел да се оптимизира ефикасноста за обезбедување на крв, како и промовирање на безбедноста на пациентите (промоција на дарителите, управување со квалитет, оптимално користење на трансфузија на крв);
- сигурен механизам за известување за несакани/неочекувани состојби поврзани со супстанци од човеково потекло (крв, ткива и органи).

Целта на програмата на СЗО за безбедност при трансфузија на крв е да се осигура обезбедување на универзален пристап до безбедна, квалитетна и ефикасна крв и крвни компоненти за трансфузија на крв, нивно безбедно и соодветно користење, како и заштита на крводарителите и безбедноста на пациентите.

**Главна цел –** градење на погодна политичка, социјална и економска средина за ефективна интеграција на одржлива национална програма за сигурна крв во здравствениот систем.
Значително зголемување на посветеноста поврзана со безбедноста на крвта и нејзината достапност во земјите и во рамките на меѓународната заедница.
Вклучување на безбедноста на крвта и достапноста до неа во националните здравствени планови, со доволно инвестиции од националните буџети и партнери во развојот.

*Стратегија 1 –* универзален пристап до безбедна трансфузија на крв и да се обезбеди стабилна улога во обезбедувањето на ефективна здравствена заштита и во постигнувањето на Милениумските цели поврзани со здравјето

*Стратегија 2 -* обезбедување на навремени и потврдени информации и стратегии врз основа на докази за безбедноста на крвта и достапноста на истите до владите и заинтересираните страни

*Стратегија 3 –* апел до владините институции за засилена поддршка и формирање на одржлива национална програма за планирање, спроведување и следење на сите активности поврзани со трансфузија на крв

*Стратегија 4 –* подигнување на јавната свест за потребата за доброволно дарување на крв, правата на пациентите – информации кои служат како основа за универзален пристап до безбедна трансфузија на крв

# Развојни цели на
# МФЦКЦП до 2025 година

Денес во светот, некои национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина се одговорни за главните програми за крводарителство на национално ниво. Други имаат комплетни служби за крводарителство или се вклучени во активностите за крводарителство. Повеќето национални друштва се вклучени во промовирањето на крводарителството и регрутирање на крводарители.



*Прилог : Мапа на светот за крводарителството*

## Стратешка област 1.

***Обезбедување на комплетна услуга во делот на снабдување со крв и крвни компоненти***

1. *Застапување за соодветно користење на резервите на крв и крвни компоненти*
2. *Дистрибуција на производот*
3. *Лабораториски испитувања*
4. *Подготовка на компонентите на крвта*
5. *Промотивни кампањи*
6. *Едукација и подигнување на свеста за доброволно дарување на крв*
7. *Вклучување во одбележувањето на Светскиот ден на крводарителството*

# *Стратешка област 2.*

***Организирано регрутирање на крводарители***

8. *Зголемен број на нови дарители*
9. *Промотивни кампањи*
10. *Едукација и подигнување на свеста кај доброволните крводарители*

# *Стратешка област 3.*

***Застапување на принципот за доброволно и неплатено дарување на крв***

11. *Промотивни кампањи*
12. *Едукација и подигнување на свеста за значењето на крвта и крвните компоненти*

## *Истражување на јавното мислење во Република Македонија*

Црвениот крст на Република Македонија во текот на 2006 и 2007 година спроведе истражување на јавното мислење за активностите кои ги реализира организацијата. Истражувањата беа спроведени од страна на "БРИМА ГАЛУП ИНТЕРНАЦИОНАЛ", со телефонска анкета во која беа опфатени по 1000 испитаници. Во резултатите добиени од истражувањата, крводарителството има третман од страна на испитаниците како една од основните активности на Црвениот крст на Република Македонија. На прашањето "Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ќе слушнете за Црвениот крст на Република Македонија" за крводарителство се определиле 13% од испитаниците. На прашањето кои активности ги врши Црвениот крст на Република Македонија, во истражувањето крводарителството го наведуваат 71 % од испитаниците.

На прашањето за важност за спроведување на одредени видови помош од страна на Црвениот крст на Република Македонија , при анализа на одговорите "Многу важно" на прво место е мотивацијата на крводарителите со 63% во 2007 година, односно 65% во 2006 година.

Истражувачките резултати на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) покажуваат дека во рамките на најуспешни граѓански организации во Република Македонија на прво место со 81,3 % и 85,1 % во 2008 и 2010 година е рангиран Црвениот крст на Република Македонија во конкуренција на 30-тина невладини и граѓански организации (објавени во изданието на МЦМС "Доверба на граѓанското општество"). И со истражувањето спроведено во 2013 година од страна на МЦМС за препознатливоста на граѓанските организации кои придонесуваат во борбата против сиромаштијата повторно Црвениот крст ја добива довербата на јавното мислење.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во првиот квартал на 2021 година спроведе истражување на јавното мислење за активностите кои ги реализира организацијата. Истражувањето беше спроведено од страна на "КАНТАР БРИМА", со телефонска анкета во која беа опфатени 1000 испитаници. Во резултатите добиени од квантитативното истражување, крводарителството има третман од страна на испитаниците како една од основните активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија. На прашањето "Според Ваше мислење кои се основните активности на Црвен крст на РСМ", 980 испитаници или 97 % од испитаниците ги препознаваат активностите за крводарителство на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

# *Внатрешна анализа*

Крводарувањето во Република Македонија има повеќе развојни периоди. Зачетоците се во периодот помеѓу двете светски војни, карактеристичен по неорганизираност и инцидентно крводарување исполнето со многу предрасуди и дилеми. Овој период е карактеристичен по платено крводарителство и тоа претежно со лица со лош социјален статус. Ваквиот начин на дарување на крв во основа не давал безбедна трансфузија на крв, туку напротив постоел голем ризик од трансмисија на одредени вирусни, бактериски и паразитски заболувања. Платеното крводарителство во Република Македонија потполно се укинува во 1966 година.

Напоредно со активностите што се карактеристични за периодот на платеното крводарување, во 1945 година започнува период на организирано крводарување и формирање на специјални служби за трансфузија на крв. Особено значајно за крводарителството е формирањето на Црвениот крст на Република Македонија на 17 март 1945 година. Од тогаш започнува и драстично намалување на платеното крводарување, а доаѓа до зголемување на бројот на фамилијарни крводарувања и почетоците на планско и организирано крводарување. Фамилијарните крводарители биле *најсигурен* извор на крв за болните и повредените, но и покрај предностите, ваквиот начин на обезбедување на потребната крв има и големи недостатоци.

Во 1953-та година воведен е нов систем на организирано доброволно крводарување засновано врз принципите на доброволност, бесплатност и анонимност. Активностите околу мотивирањето на населението за давање на крв, како еден од најважните предуслови за зголемување на бројот на крводарителите, му припадна на Црвениот крст на Република Македонија. Макотрпните залагања на големиот број на ентузијасти и волонтери од редовите на оваа хуманитарна организација во делот на мотивацијата на населението вродија со огромни резултати. Веќе во 1985 година бројот на фамилијарните дарувања на крв се сведени на 3% од вкупниот број на собрани единици крв. Споредбената анализа покажува дека од 205 доброволни крводарувања во 1949 година, во 1990 година се постигнува бројка од 55.553 единици крв.




Веќе од 1991 година започнува период кој се карактеризира со распадот на СФРЈ и создавање на нова самостојна и независна Република Македонија, што секако доведе до силни политички, економски, социјални и морални потреси. Во првите неколку години од транзицијата се бележи стагнација, односно опаѓање на бројот на остварените крводарувања.

Но со исклучителни заложби на партнерите во програмата, т.е. Министерството за здравство, Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина во периодот 2011-2020 година се надминуваат овие состојби и доаѓа до стабилизација и подобрување на снабденоста со крв и крвни компоненти во државата. Овој период е карактеристичен со 100% доброволно крводарителство и со целосно исчезнување на фамилијарното крводарување. Во 2020 година за време на вонредна состојба во државата од епидемија предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 (COVID-19) крводарителството беше организирано со посебни здравствени протоколи, донесени мерки за претпазливост и препораки до ООЦК. Во текот на пандемијата со COVID-19 и покрај ограничената мобилност и другите предизвици кои таа ги донесе со себе, крводарителите продолжија да даруваат крв и крвна плазма за пациентите на кои им беше потребна трансфузија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија своите програмски и проектни активности за развој и унапредување на крводарителството ги имплементира преку 33-те општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

Добро воспоставената мрежа помеѓу централата, општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје нуди добри предуслови за реализирање на програмата за организирање и унапредување на крводарителството во државата, активно учество на голем број на волонтери, едукација на мотиватори и организатори на крводарителски акции, кадровски потенцијал, подобрување и надградба на инфраструктурата и поквалитетно водење на евиденција за крводарителите.

# *Партнери*

## *во реализација на програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Р. Северна Македонија*

Учесници во реализација на Програмата за крводарителство во Република Северна Македонија се : 1. Владата на Република Македонија, односно Министерството за здравство; 2. Црвениот крст на Република Северна Македонија и 3. Институтот за трансфузиона медицина.

### *Министерството за здравство*

- Предлага програма за крводарителство до Владата на Република Северна Македонија;
- Ја следи реализацијата на програмата и презема соодветни мерки за нејзино целосно спроведување;
- Утврдува потреби на државата од крв, крвни компоненти и резерви на крв, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина;
- Утврдува обврски и задачи на учесниците во Програмата;
- Утврдува конкретни мерки и услови за реализација на Програмата;
- Утврдува, предлага и донесува прописи за крводарителството, за статусот на крводарителите и нивното здравје, за земање, чување, преработка, промет и употреба на сигурна крв, крвни компоненти и крвни деривати;
- Утврдува мерки за максимална грижа за здравјето на примателот.

## *Црвениот крст на Р. Северна Македонија во областа на крводарителството ги врши следните задачи :*

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Евиденција на крводарителските акции и изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство на Република Северна Македонија;
- Доделување на признанија на крводарителите.

## *Институтот за трансфузиона медицина ги врши следните задачи :*

- Учествува во утврдувањето на потребите за крв и крвни компоненти за населението во Република Северна Македонија, заедно со Министерството за здравство;
- Прибирање, контрола, чување и дистрибуција на крв и крвни компоненти;
- Здравствена контрола и евиденција на крводарителите;
- Се грижи за обезбедување на сигурна трансфузија на крв и крвни компоненти;
- Ги спроведува утврдените мерки за максимална грижа за здравјето на примателите на крв и крвни компоненти;
- Изготвување на периодичен и годишен извештај за реализација на Програмата за крводарителство;
- Учество во здравствено-воспитна, мотивациска и истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството.

## *Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина :*

- Планирање и програмирање на крводарителските акции, изготвување на Годишен интегрален план за организирање на крводарителски акции во Република Северна Македонија, редовни координативни состаноци на тимот за координација, оперативни планови и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;
- Евалуација на постигнатите резултати, како и предлози за измени и дополнувања на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Организирање на едукативни форми за обука на мотиватори за доброволно крводарителство, волонтери и професионално вработени лица во двете институции;
- Изготвување на предавања за определени целни групи (ученици-студенти, вработени, невработени и др);
- Следење на позитивните искуства од други земји и постојано осовременување на промотивните материјали.

# S W O T Анализа
# (strengths, weaknesses,opportunities, threats)

**SWOT** анализата е акроним од англиски зборови со која се идентификуваат внатрешните позитивни страни и слабости и надворешните можности и закани.

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ▪ Постоење на законска регулатива<br>▪ Подготвеност за имплементација на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во РСМ<br>▪ Развиена крводарителска мрежа на целата територија на РСМ<br>▪ Редовни средби на тимот за координација<br>▪ Волонтерски потенцијал (едуцирани мотиватори за доброволно дарување)<br>▪ Организирани форми на дејствување (Клуб на крводарители, Клуб 25 и Клубови на млади)<br>▪ Успешна работа на Дневниот центар за дарување крв во Скопје<br>▪ Постоење на Кодекс на однесување на службите на ИТМ и Црвен крст при организирање на крводарителски акции | ▪ Недоволно информирање на дел од населението за важноста и потребата од дарување крв.<br>▪ Недостиг на материјални и финансиски средства.<br>▪ Недоследно спроведување на бенифициите и слаба мотивираност на крводарителите во приватниот сектор |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| ▪ Интензивирање на соработката со корпоративниот сектор во насока на поддршка на кампањи за промоција на крводарителството<br>▪ Поддршка во напорите за воведување на нови форми за мотивација на крводарители<br>▪ Проширување на соработката и размена на идеи и искуства со други национални друштва на Црвен крст/Црвен полумесечина и со др. организации<br>▪ Креирање на кампањи за промоција на доброволното крводарување за различни целни групи<br>▪ Користење на мобилна апликација | ▪ Нестабилна економска состојба.<br>▪ Губење на бенефициите на крводарителите. |

# *СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ*

Задржување на постојните редовни крводарители, регрутирање и привлекување на нови крводарители, нивна едукација и воведување на единствена компјутерска евиденција.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија на планот на крводарителството во Република Северна Македонија има за цел да ја развива партнерската соработка со Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и Институтот за трансфузиона медицина во развојот и унапредувањето на крводарителството, да ги применува принципите на (доброволност, анонимност и бесплатност), да ја подигне свеста и мотивираноста на граѓаните за доброволно крводарителство, да се грижи за здравјето на крводарителите, да се залага за почитување на нивните права, да гарантира квалитет и сигурност на крвта и крвните компоненти и заштита на здравјето на примателите на крв.

Со Стратегијата се дефинираат насоките за меѓусебно поврзаните стратешки цели :

I. **Подигнување на свеста кај населението и мотивирање за доброволно крводарување**
II. **Мобилизирање, регрутирање и задржување на целните групи**
III. **Мобилизирање на партнерски организации и клубови на крводарители**
IV. **Зајакнување на капацитетите и подобрување на квалитетот на услугите**
V. **Организирање на крводарителски активности за време на кризни состојби и епидемии**

## *Стратешка цел 1.*

**Подигнување на свеста кај населението и мотивирање за доброволно крводарување**

Целта е да се создаде стратегија за комуникација за полесен пристап до целните групи со кој ќе се развијат стандардизирани методи за мобилизација на потенцијални крводарители и да се најдат начини за зголемување на бројот на крводарувања во тие средини.

## Активности

- Ќе се едуцираат стручни кадри во областа на крводарителството, кои ќе се користат за организирање на советувања, социјален маркетинг, јавни односи, мобилизирање и регрутирање на крводарители, итн. (2021-2026 год.);
- Ќе се спроведуват анкети за истражување на јавното мислење за крводарителството во Република Северна Македонија (2021-2026 год.);
- Ќе се подготват информативни и едукативни материјали за крводарителство (2021-2026 год.);
- Ќе се применува во практика Стратегијата за комуникации и маркетинг (2021-2026 год.);
- Ќе се организираат едукативни семинари и работилници за едукација на мотиватори и организатори за крводарителство (2021-2026 год.);
- Ќе се применуваат позитивни искуства за крводарителство со цел да се зголеми интересот за повторно дарување и создавање на поттикнувачки механизми (2021-2026 год.);
- Развој и промовирање на етичките вредности и одговорноста како основа за градење на самопрепознатливи вредности на крводарителот содржани во темелните вредности и принципи на Црвениот крст (2021-2026 год.);
- Организирање на едукативни и промотивни кампањи во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за подигнување на јавната свест на локално и национално ниво и градење на добар углед и слика за крводарителството (2021-2026 год.);

- Организирање на стручни трибини за промовирање na основните принципи и доброволното крводарителство (2021-2026 год.);
- Афирмација на доброволното крводарителство преку истакнување на лични примери (2021-2026 год.).
- Афирмација на доброволното крводарителство со промоција преку средствата за јавно информирање и социјалните мрежи (2021 - 2026 год.).

За реализација на овие активности, а имајќи ја предвид секојдневната потреба од крв и анализирајќи ги состојбите кои не доведуваат во неповолна ситуација (недоволна едукација на населението кај кое постои се уште мислење од постоечки стравови, болки и последици по здравјето ако се дарува крв, ненадминати културни и религиски убедувања, сфаќања за самиот чин на крводарување и пристап до информации, како и социо-економските фактори), ќе создадеме подобар едукативен пристап и ќе се прилагодиме на новонастанатите состојби со цел да ги идентификуваме проблемите и изнајдеме начини за надминување на пречките при мобилизирање и регрутирање на крводарителите.

Поттикнувачките механизми ќе имаат за цел создавање на позитивен став кај потенцијалните крводарители и зголемување на нивниот интерес за повторно дарување. Примери за поттикнувачки механизми се : формирање на клубови на крводарители кои ќе имаат за цел да го поттикнат крводарителот и да му дадат поддршка повторно да дарува крв, доделувањето на јавни признанија на крводарителите и промовирање на едукативно-информативни материјали.

## Резултати

- Подигната е свеста кај населението за доброволно крводарителство;
- Промовирани се етичките вредности и одговорноста на крводарителите вградени во темелните вредности и принципи на Црвениот крст;
- Публикувани се податоците добиени од спроведената анкета кои обезбедуваат точни и конкретни информации за јавното мислење, знаењата и ставовите во однос на крводарителството;
- Создадена е промотивна кампања за доброволно крводарителство;
- Зголемени се активностите за мобилизирање и регрутирање на крводарители кои даруваат крв за првпат и зголемен е бројот на први крводарувања;
- Зголемена е довербата кај крводарителите и на институциите кои го организираат крводари-телството;
- Подобрена е комуникацијата со средствата за јавно информирање и социјалните мрежи;
- Зголемен е бројот на резервите на крв и крвни компоненти.

## *Стратешка цел 2.*

**Мобилизирање, регрутирање и задржување на целните групи**

Целта е да се мобилизираат и регрутираат помалку ризичните целни групи и да се идентификуваат и зачуваат компактибилните фамилијарни дарители и да се регрутираат во редовни крводарители.
При мобилизирањето и регрутирање на целните групи ќе се има предвид вклучување на јавни личности, лидери на целните групи и медиумски личности за да можат да им пренесат ефективна порака на целните групи.
Идентификување и давање на приоритет на нискоризичните целни групи. Како приоритетни целни групи се : ученици, студенти, работници, службеници од јавниот сектор, редовни крводарители, воени и безбедносни сили, религиозни организации, невладини организации, случајни дарители,

фамилијарни дарители и автологни дарители. Мобилизирањето на овие целни групи ќе се организира првенствено преку партнерски организации и клубови на крводарители кои имаат непосредни контакти со членовите на овие групи и кои меѓу овие членови уживаат голема доверба.

Пристапот кон фамилијарните дарители може да се разбере како ефикасен начин за допирање до овие дарители повторно да даруваат крв, бидејќи кога еднаш лицето го поминало искуството за дарување на крв кај него има помал отпор за повторно дарување. Пристапот до фамилијарните дарители мора да биде внимателно изведен и да обезбеди намален ризик и зголемена ефективност.

## Активности

- Проценка и анализа на различни целни групи, со цел да се одредат нивните специфични карактеристики што соодветствуваат на критериумите за крводарителство (2021-2026 год.);
- Определување на целни групи на крводарители, нивни индивидуални карактеристики и изработка на работен план за активности околу задржување на крводарителите.
- Определување на потребите за едукација и информирање на целните групи во согласност со националната политика (2021-2026 год.);
- Ќе се подготви соодветен информативно-издавачки материјал со цел да се изврши успешна промоција и да се поттикнат различните целни групи да се мотивираат за доброволно крводарителство (2021 - 2026 год.);
- Ќе се вклучат партнерски организации и клубови на крводарители за полесен пристап до целните групи и за пренесување на ефектни пораки до целните групи (2021-2026 год.);
- Обезбедување на крв и крвни компоненти само од доброволни крводарители, а во исклучителни состојби да се бара крв од фамилијарни дарители (2021 – 2026 год.);

## Резултати

- Изграден е критериум за процена и приоритет на нискоризични целни групи кои лесно се мобилизираат и регрутираат;
- Идентификувани се приоритетните целни групи и стратегии за нивно мобилизирање и регрутирање и подобрена е соработката со партнерските организации и клубови на крводарители;
- Зголемен е бројот на нови крводарители и зголемен е бројот на редовните крводарители кои доаѓаат од приоритетните целни групи;
- Зголемен е процентот на дарувана крв од жени крводарители;
- Зголемени се резервите на крв.

## *Стратешка цел 3.*

**Мобилизирање на партнерски организации и клубови на крводарители**

Целта е да се создаде и овозможи партнерска атмосфера за да можат партнерите активно да учествуваат во крводарителските активности. Битен дел на оваа стратегија за мобилизирање на крводарители е комуникацијата со партнерските организации и клубови на крводарители како клучни играчи при дизајнирањето и имплементацијата на стратегијата. За да се постигне зголемен број на крводарители, неопходно е активно учество на партнерските организации и клубови на крводарители кои функционираат во рамките на Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст, со цел полесно да се надминат повеќето социјално-културни пречки. Но, градењето на добар партнерски однос е исклучително бавен процес. Добар почеток во комуникацијата е организирање на работилници со вклучување на потенцијалните партнери и создавање на стратегија за нејзино

имплементирање и координација. Важен елемент ќе биде создавањето на механизми за признавање на партнерските залагања и медиумско покривање на крводарителските активности.
Со цел стратегијата со партнерските организации и клубови на крводарители да биде успешна, сите вклучени страни треба да бидат во можност да ги извршуваат своите обврски. Не можеме да очекуваме сите нови партнерски организации да имаат искуство во мобилизирање и регрутирање на крводарители.

## Активности

- Ќе се подготви акционен план за дејствување со партнерските организации и клубови на крводарители на локално ниво (2021-2021 год.);
- Ќе се подготви прирачник за работа со партнерите (2021-2026 год.);
- Ќе се формира координативно тело кое ќе ги советува партнерските организации и ќе ја координира работата на клубовите на крводарители (2021-2026 год.);
- Ќе се развиваат механизми за ефективна дисеминација на информации до партнерите (2021-2026 год.);
- Ќе се унапредуваат внатрешните процедури и ќе се развијат насоки за работа со партнерските организации и клубови на крводарители, со посебен акцент на транспарентноста и довербата (2021-2026 год.);
- Подготвување и издавање на информативни и промотивни материјали кои партнерите ќе ги користат во нивните кампањи и обука за промотивни и коминукациски вештини (2021-2026 год.).

## Резултати

- Создаден е акционен план за партнерска соработка и дејствување;
- Формирано е координативно тело кое повремено ќе се состанува и ќе ги советува партнерските организации и ќе ја координира работата на клубовите на крводарители во рамките на Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст;
- Идентификувани се нови партнерски организации и подготвени се стратегии за нивно мобилизирање;
- Потпишани се партнерски договори со новите партнерски организации;
- Зголемен е бројот на активности во клубовите на крводарители;
- Развиен е пакет за обука за новите партнери;
- Зголемена е свесноста на јавноста за кампањата за крводарителство преку активноста на партнерските организации и клубови на крводарители;

## *Стратешка цел 4.*

**Зајакнување на капацитетите и подобрување на квалитетот на услугите**

Целта е да се подобри задржувањето на крводарителите преку развивање на професионални тимови за едукација и регрутирање на крводарители, подобрување на техничките и административните капацитети, подобрување на квалитетот на услугите и унапредување на комуникацијата со партнерите.

## Активности:

- Обезбедување на соодветни локации или пунктови за дарување на крв, кои за целните групи ќе бидат лесно пристапни (2021-2026 год.);
- Поддршка и нормално функционирање на Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз”, обезбедување на постојан персонал од Институтот за трансфузиона медицина и волонтери на Црвениот крст, како и нивна едукација (2021 – 2026 год.) .
- Воспоставување и градење на стабилни односи во заедницата. Користење на структурата, материјалните средства и ресурсите (човечки и финансиски) за спроведување на проекти и активности во крводарителството за остварување на заедничкиот развој и надградба на капацитети (2021-2026 год.);
- Подобрување на квалитетот на комуникација меѓу партнерите (2021-2026 год.);
- Градење на капацитети на човечки ресурси при регрутација и обука во областа на советување и здравствена едукација, регрутирање на крводарители, односи со јавноста и комуникација, обука на административни вештини (2021-2026 год.);
- Поддржување на постојана комуникација од и кон крводарителите (2021-2026 год.);
- Формирање, раководење и координирање со клубови на крводарители (2021-2026 год.);
- Подготвување на материјали за информирање, едукација и комуникација за регрутирање и задржување на крводарителите (2021-2026 год.).

## Резултати

- Обезбедени се соодветни локации или пунктови за дарување на крв;
- Обезбедени се финансиски и техничко-административни услови за нормално функционирање на Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз”;
- Подобрена е комуникацијата меѓу партнерите;
- Реализирани се програми за обука и надградба на персоналот и волонтерите;
- Зајакнати се стратегиите и процедурите за раководење со човечки ресурси;
- Подготвени се квалитетни материјали за информирање, едукација и комуникација на крводарителите;
- Подобрена е комуникацијата помеѓу клубови на крводарители од земјата и странство.

## *Стратешка цел 5.*

**Организирање на крводарителски активности за време на кризни состојби и епидемии**

Целта е да се организираат крводарителски активности, првенствено крводарителски акции за време на кризни состојби и епидемии во државата.

## Активности:

- Обезбедување на соодветни локации или пунктови за дарување на крв, кои за целните групи ќе бидат лесно пристапни (2021-2026 год.);
- Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина ќе воспостават протоколи за работа, ќе дадат насоки и препораки на општинските организации на Црвен крст, Црвен крст на град Скопје и службите за трансфузиона медицина за организирање на крводарителски акции и активности, ќе подготват упатства за работа, водич со правила на однесување за време на

кризни состојби и епидемии, мерки за заштита и превенција и дополнителен прашалник (2021-2026 год.);

- Мобилизирање на младите (средношколската и студентската популација) за нивна едукација, информираност и доброволно дарување на крв (2021-2026 год.);
- Обезбедување на конвалесцентна крвна плазма за лекување на заболени лица од COVID-19;
- Организирањена Форум за доброволно крводарителство на тема “Крводарителство во кризни состојби и епидемии” (2021-2026 год.);
- Подготвување на Прирачник за организирање на крводарителство во кризни состојби и епидемии (2021-2026 год.).

## Резултати

- Обезбедени се соодветни локации или пунктови за дарување на крв;
- Обезбедени се протоколи за работа,дадени се насоки и препораки, подготвено е упатство за работа, водич со правила на однесување за време на кризни состојби и епидемии, утврдени се мерки за заштита и превенција и подготвен е дополнителен прашалник;
- Мобилизирани се младите (средношколската и студентската популација) за доброволно дарување на крв;
- Обезбедена е конвалесцентна крвна плазма за лекување на заболени лица од COVID-19;
- Организиран е Форум за доброволно крводарителство на тема “Крводарителство во кризни состојби и епидемии”;
- Подготвен е Прирачник за организирање на крводарителство во кризни состојби и епидемии.

# *Нормативна рамка на дејствување*

Определбите утврдени во Стратегијата се засноваат и промовираат врз база на правата и бенефициите на крводарителите утврдени во :

- Програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија;
- Правила за организирање на крводарителски акции во Црвениот крст на Република Македонија;
- Упатство за крводарителски акции;
- Закон за здравствена заштита;
- Закон за работни односи;
- Закон за безбедност во снабдувањето со крв;
- Правилник за поблиските критериуми по однос на квалитетот и безбедноста на крвта и крвните компоненти;
- Кодекс на однесување на професионално вработените лица во Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина вклучени во процесот на реализација на крводарителски акции;
- Потпишани меморандуми за соработка.

***Очекувани резултати***

- Подобрено е информирањето на граѓаните за доброволно дарување на крв;
- Надминат е игнорирантниот став кон крводарувањето;
- Надминати се стигмите и предрасудите кон крводарувањето;
- Подигната е свеста на луѓето за крводарување во различни заедници и целни групи;
- Направена е промоција на принципите за мотивирање во крводарителство;
- Зголемен е бројот на едуцирани мотиватори;
- Зголемен е бројот на нови крводарители и на млади мотиватори;
- Подобрена е комуникацијата помеѓу централата, општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје;
- Обезбедени се соодветни локации или пунктови за дарување на крв;
- Идентификувани се приоритетните целни групи и стратегии за нивно мобилизирање и регрутирање;
- Воспоставена е соработка со партнерски организации и клубови на крводарителите во рамките на Црвениот крст;
- Подобрена е комуникацијата помеѓу партнерите и носители на програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија;
- Воспоставена е софистицирана програма за водење на евиденција во крводарителството во Црвениот крст, со користење на серверска база и интернет конекција;
- Зголемен е бројот на доброволни крводарители, а намален е бројот на фамилијарни дарувања.

## *Претпоставки / ризици*

- Економска состојба во државата;
- Поддршка од раководството и управата.

# *Мониторинг и евалуација*

Мониторингот и евалуацијата во рамките на планираните активности во Стратегијата за доброволно крводарителство на Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе се спроведе континуирано во текот на планираниот период.

Црвениот крст на Република Северна Македонија, преку Комисијата за здравствено-превентивна дејност и крводарителство, ќе формира стручен тим за следење и процена на остварувањето на зацртаните цели во Стратегијата. Тимот ќе го следи напредокот во остварувањето на активностите во престојниот петгодишен период и во случај на потреба ќе интервенира за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените цели и задачи. Со цел да се утврдат ефектите од постигнатите резултати ќе се врши евалуација на целиот процес кој ќе биде координиран од раководството и управата на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Ќе се создаде мониторинг систем со индикатори за позитивниот или негативниот одговор на пораките и материјалите на самата кампања. Ќе се обезбеди основа на мерење за промената на ставот. Базата на информации ќе биде разгледана врз основа на регион, пол и целни групи заради обезбедување на информација која ќе биде корисна за понатамошно развивање на стратегијата за комуникација во насока да биде поефикасна во мобилизирањето и регрутирањето на нови дарители.

Ќе се евалуираат критериумите кои беа воспоставени за идентификација на приоритети на целните групи. Критериумот за проценка на партнерите ќе обезбеди основна рамка за проценка на активностите на партнерите. Истовремено ќе се развијат и индикатори за мерење на ставовите и прифаќањето на услуги од страна на партнерските организации и клубови на крводарителите.

# *Користена литература*


- Програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија, Сл. весник на РСМ бр. 8/2021 година
- Никола Камчев, Местото и улогата на Црвениот крст на Република Македонија во современиот концепт на крводарителскиот маркетинг, Скопје, 2006 година
- Blood programme Quality manuel, International Federation of Red cross and Red Crescent Societies, 1998
- Да се направи разлика, Меѓународна федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Скопје, 2003 година
- Прирачник за едукација на мотиватори во крводарителството, Црвен крст на Република Македонија, Скопје, 2006 година
- Прирачник за млади мотиватори во крводарителство, Црвен крст на Република Македонија, априлl 2009 година
- АВИС, Assciazione Volontari Italiani Sangue , Milano www. avis.it
- Blood Safety, Aide-Memoire for National Blood programme, WHO, 2002
- Health Policy, adopted at the 15 session of the General Assembly of teh IFRC, Seoul, November 2005
- Strategy 2020, p 15, IFRC
- WHA resolution
- Закон за безбедност во снабдувањето со крв, Сл. Весник на РМ бр. 110/2007 година
- Статут на Црвен крст на Република Македонија, 2019 година
- Развоен план на Црвен крст на Република Северна Македонија
- Стратегија за волонтерство, Скопје 2008 година
- Доверба на граѓанското општество, Скопје, МЦМС 2013 година

# С О Д Р Ж И Н А


- Мисија и визија
- Вовед
- Надворешна анализа

  - *Искуства на Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина*
  - *Искуства на Светска здравствена организација (WHO)*
  - *Развојни цели на МФЦКЦП до 2025 година*
  - *Стратешки области на МФЦКЦП*
  - *Истражување на јавното мислење во Р.М.*
- Внатрешна анализа

  *Партнери во реализација на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија*
- SWOT анализа
- Стратешки приоритет на Црвениот крст на Република Северна Македонија
- Стратешки цели на Црвениот крст на Република Северна Македонија
- Нормативна рамка на дејствување
- Очекувани резултати
- Претпоставки/ризици
- Мониторинг и евалуација
- Користена литература